# ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
# CHESS FEDERATION OF MACEDONIA

Skopje 1000, sala KK Rabotnicki, Gradski park bb, Macedonia e-mail: chessmkd@t.mk

**Шаховска федерација на Македонија**
Бр.59-20/ јули 20, 2020 година

До
Министерство за здравство
- Комисија за заразни болести

Скопје

ПРЕДМЕТ: **ПРЕДЛОГ-ПРОТОКОЛ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ШАХОВСКИ НАСТАНИ ВО УСЛОВИ НА КОВИД19 СИТУАЦИЈА**

Шаховската Федерација на Македонија на 2 седница на УО на ШФМ одржана на 20.07.2020 го донесе овој Протокол за организација на Шаховски турнири и настани во услови на КОВИД19 ситуација, кој е во комплетна согласност со препораките на Комисијата за заразни болести на Република Северна Македонија, како и во согласност со препораките на Светската Шаховска Федерација ( ФИДЕ) и Европската Шаховска Унија ( ЕЦУ) за организирање шаховски турнири во КОВИД19 услови.

## Условите кои Организаторот на Шаховскиот настан мора да ги обезбеди се:

1. Салата за играње мора да ги обезбедува следните услови
   - Пространи, осветлени (~ 800 лукса)
   - Ширина 4м2 по натпреварувач
   - Салата да биде отворена од едната страна и да има излез на тераса како дел од просторот дозволен за движење на натпреварувачите
   - Салата да има природна вентилација
2. Масите за игра треба да ги исполнуваат следните услови
   - Минимална димензија на масата за игра да биде 1.20м x 1.20м
   - Растојанието помеѓу масите за игра да биде минимум 3 метри
   - Во една сала да нема повеќе од 24 маси, односно максимум 48 натпреварувачи
3. Организаторот мора да обезбеди по две хирурушки маски за еднократна употреба за секој натпреварувач и судија. Маските ќе им се дадат на натпреварувачите и судиите пред почетокот на секоја партија пред влезот во салата.
4. Мора да се обезбеди дезинфекциско средство на видливи места пред влезот во салата и во самата сала за играње, како и пред тоалетите и споредните излези од салата.
5. Мерење на температура со бесконтактен термометар пред почетокот на секоја партија.
6. Натпреварите ќе се играат без публика, односно во салата ќе биде дозволен влез само на натпреварувачите и судиите.
7. Шаховските фигури и шаховските часовници ќе се дезинфецираат пред и после секое коло
8. Да се обезбеди официјален доктор на настанот
9. Да се обезбеди корпа за отпадоци на излезот од салата каде што натпреварувачите ќе ги фрлаат маските по завршување на партијата. Корпата за отпадоци мора да има ќеса за ѓубре која редовно ќе се менува
10. Јасно означени патеки по кои ќе се одвива движењето на учесниците во и пред салата

**Натпреварувачите и официјалните лица (судиите) мора да се однесуваат по следните правила:**

1. Треба да бидат целосно здрави без никакви симптоми на болест, пред почетокот на партијата, во спротивно нема да им се дозволи влез во салата
2. Натпреварувачите пред почетокот на натпреварот да поднесат изјава дека се здрави и дека се свесни за ризикот од трансмисија на вирусот и дека самите го сносат ризикот за возможноста од разболување од КОВИД19
3. На натпреварувачите и на официјалните лица (судиите) ќе им се мери температура пред почеток на секоја партија
4. Натпреварувачите и судиите мора да носат маска со покриени нос и уста за целото времетраење на партијата
5. Натпреварувачите не смеат да се поздравуваат пред почетокот на партијата ниту смеат да комуницираат за време на партијата
6. Натпреварувачите своите рекламации за време на партијата ќе им ги соопштат директно на судијата на пропишано растојание од најмалку 1.5 метри
7. По изминати 3 часа игра натпреварувачите и судиите се должни да ја сменат маската која ќе биде обезбедена од организаторот.
8. Натпреварувачите се должни за целото време на своето движење низ салата и до тоалетите да одржуваат дистанца од најмалку 1.5 метар
9. После завршување на партијата, натпреварувачите мора да ја напуштат салата за играње
10. Им се препорачува на натпреварувачите додека не се на потез да седат(стојат) на растојание од најмалку еден метар од масата за игра.
11. Натпреварувачите се должни после секоја партија да ги измијат рацете по напуштање на салата за игра.

Лице за контакт:
Зоран Стојчевски, Претседател на натпреварувачка комисија при ШФМ
Моб: 070/ 247 247, Маил: zorans@asseco-see.mk

Скопје, 20.07.2020 година

Шаховска Федерација на Македонија
Претседател
Благоја Богоевски